Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина
и просторно планирање**

Архивски бр.сл.
Дата: 30.09.2019

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

Кеј."Димитар Влахов" бр.4
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3220 187

Е-пошта: f.spahija@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**ИНФОРМАЦИЈА ЗА МЕДИУМИ**

**Во ова соопштение посебно би сакале да се осврнеме на погрешно дадената изјава на Државната Секретарка при Министерството за животна средина и просторно планирање Ана Петровска при гостувањето во Емисијата Топ Тема на ТВ ТЕЛМА емитувана на ден 24.09.2019 година Државната секретарка која за жал или од лична неинформираност за состојбите во Инспекторатот или од сосема погрешна информираност изјави дека на денот на случувањето на еколошкиот инцидент 22.09.2019 година - недела со излевање на отпадна вода измешана со материјали со железо во река Вардар сите инспектори од Државниот Инспекторат за животна средина биле на службен пат. Со овој допис ја демантираме оваа изјава како неточна, со намера да се наштети на интегритетот на Инспекторатот и на инспекторите посебно, што дава погрешна слика кај јавноста за реалната состојба во Инспекторатот, посебно кога е ова изречено од висок функционер на Министерството за животна средина и просторно планирање, што зачудува, бидејќи со Кабинетот на Министерот и Заменик Министерот имаме редовна и коректна комуникација.**

**На денот на случувањето на инцидентот само 1 Државен Инспектор за животна средина кој е воедно и Раководител на Одделението за инспекциски надзор во животната средина и природата-Скопски регион бил на службен пат, додека Раководителот на Секторот за инспекциски надзор во животната средина и природата задолжен за цела држава, останатите 2 Државни Инспектори за животна средина задолжени за Скопски регион како и Помладиот Инспектор за животна средина исто така за Скопски регион одниту една институција не биле комуницирани, ниту известени за настанатиот инцидент. За жал за инцидентот не бил известен ниту Директорот на Државниот Инспекторат за животна средина, односно инспекторите се информирале преку медиумите во доцните вечерни часови, по што во понедленикот наутро се реализирани трите вонредни инспекциски надзори.**

Исто така треба да се напомене дека и покрај декларативните заложби искажани во медиумите од страна на Инспекторатот на Град Скопје за подобрување на соработката помеѓу Инспекторатот на Град Скопје и Државниот Инспекторат за животна средина, известуваме дека во неделата на 22.09.2019 година Инспекторатот на Град Скопје и покрај добиените сознанија за еко инцидентот и извршениот вонреден инспекциски надзор на лице место од нивна страна не го известил воопшто Државниот Инспекторат за животна средина, ниту пак до денот на ова соопштение е доставена било каква документација од нивна страна.

Во понеделникот 23.09.2019 година согласно законските надлежности на Државниот Инспекторат за животна средина направен е вонредниот надзор и информацијата за истите беше проследена во првото соопштение.

Врз основа на вонредниот надзор на лице место од 23.09.2019 година Записникот за констатација од страна на Државниот Инспектор за животна средина и Доставениот Допис од страна на сторителот на инцидентот, донесено е Решение за ограничување односно забранување на работата на Погонот Лужилница во рамки на правниот субјект Арцелор Митал, Скопје превземен од Либерти Хаус Груп, кое решение е со максимален рок согласно Законот за животната средина или до отстранување на настанатиот дефект. Доколку дефектот биде отстранет порано Инспекторатот врз основа на писмено известување од правниот субјект ќе направи контролен надзор, по што ќе следи понатамошна постапка.

Наведениот Извештај е доставен претходно до Арцелор Митал, Скопје записнички од страна на Инспекторатот на Град Скопје на ден 23.09.2019 и тоа попладнето по завршувањето на вонредниот надзор од страна на Државниот Инспекторат за животна средина, а не е доставен директно до Државниот Инспекторат за животна средина иако за тоа телефонски од страна на Овластениот Инспектор за животна средина од Градот Скопје кој бил на надзор во неделата 22.09.2019 година Државниот Инспекторат беше известен во понеделникот на ден 23.09.2019 година.

Ја информираме јавноста дека во главниот колектор во индустрискиот комплекс Железара се вливаат: -Фекални води од сите постоечки компании и фирми во кругот на поранешната фабрика Железара преку посебна фекална канализација, -Атмосферски води од кровните конструкции од објектите, кои се вливаат дел преку фекалната канализација и дел преку посебната атмосферска канализација, -Атмосферски води од сливните површини од патиштата и паркинзите преку посебна атмосферска канализација. Во главниот колектор преку канализациони приклучоци се вливаат води и од градската канализација од населбите Бутел, Железара, П.З.У Ре-Медика и Ј.З.О Здравствена станица Железара. Надвор од индустрискиот комплекс по трасата на колектор кон реката Вардар со канализациони приклучоци се вливаат и води од поодделни фирми и тоа: поранешна објекти од Годел-Кожара, Тинекс, Сепарација на Бетон, ЕМУЦ, АСУЦ, приватни фирми, семејни куќи и други корисници. Сите води преку колекторот се испуштаат во реката Вардар.

Врз основа на член 212-ж став 1 точка 1 од Законот за животната средина, а во врска со член 20 од истиот закон, Државниот Инспектор за животна средина на ден 27.09.2019 година поднесе Записник за почнување на постапка за спогодување за сторен прекршок од трета категорија согласно Законот за животната средина и истиот беше потпишан од страна на одговорното лице во правното лице Арцелор

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

Кеј."Димитар Влахов" бр.4
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3220 187

Е-пошта: f.spahija@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

Митал, Скопје. Висината на прекршокот изнесува максимални 100.000 ЕВРА во денарска против вредност за правниот субјект, односно 30% од одмерената глоба за правното лице му се изрекува на одговорното лице односно максимални 30.000 ЕВРА доколку комисијата донесе одлука за санкционирање на правниот субјект со максимална казна. Бидејќи Записникот за спогодување на ден 27.09.2019 година беше потпишан, Државниот Инспектор за животна средина ќе достави Барање за поведување на постапка за спогодување до надлежната Комисија за спогодување при Министерството за животна средина и просторно планирање.

Државниот Инспекторат за животна средина останува како и секогаш отворен за комуникација со засегнатата јавност, се со цел навремено и точно

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

Кеј."Димитар Влахов" бр.4
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3220 187

Е-пошта: f.spahija@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

Република Северна Македонија
Државен Инспекторат за животна средина

информирање во врска со инспекциските надзори во областа на заштитата на животната средина како релевантен орган за прашања поврзани со инспекциската постапка која е доста комплексна и кога се говори за истата тоа треба да се прави со лица кои имаат големи познавања за истата.

Република Северна Македонија
Државен Инспекторат за животна средина

Кеј "Димитар Влахов" бр.4
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3220 187

Е-пошта: f.spahija@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

Со почит,

ДИРЕКТОР

Fejzula Spahija